ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 15.12.2014 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓоргиевска , Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски , Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Александар Ангелов, Советник Игор Додевски, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :
- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

Согледување на состојба и утврдување на потребни активности за проекти за изградба на комунална инфраструктура. Разгледани проекти Бабин Дол, канализација Дурачка Река, Белевски Дол, улици Ацо Шопов, Кочо Рацин, патишта Тлминци – Конопница, Проект за изградба на пат од Гробишта кон м.в. Чивлак -с. Конопница, Градец – Испосница Св. Јоаким Осоговски, проекти за регулација кај м.в. Житен Магацин, Белево, Домачки Дол, Лозаново. Да се преземат потребните активности и да се контактира со надлежни институции за сите проекти Никола Граматиков 15.12.2014 година.

Да се привршуваат активностите во врска со канализацијата во с. Мождивњак Никола Граматиков 15.12.2014

Да се контактира со надлежните институции во врска со преземање на активности за Свлечиштата кои се појавија во Општината и за кои има поднесено барања за санација. Александар Ангелов 15.12.2014

За комплетираните проекти да се достави потребната документација за спроведување на постапки за експропријација. Никола Граматиков 15.12.2014

Информација дека активности за чистење на речните корита е во завршна фаза. Александар Ангелов и Томе Тодоровски 15.12.2014

Во врска со отстранување на дрвјата по речното корито да се одржи состанок со надлежните институции. Да се подготви одлука на совет за преотстапување на дрва од речното корито на лица приматели на социјална помош. Александар Ангелов, Никола Граматиков, Томе Тодоровски пренесено од претходен колегиум

Согледување за проектите за замена на азбестно цементните цевки, проект за Лозаново, проект за патот кај Мезовски Ливади. Никола Граматиков

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина

Во текот на неделата да се започне со активноститите за одбележување на лежечките полицајци, на такси стојалишта, автобуски постројки , пешачки премини. Добривој Николовски и Томе Тодоровски 15.12.2014

Документација за општите акти за селата како ќе се комплетира да се испраќа до изготувачот. Добривој Николовски пренесено од претходен колегиум.

Известување за состојбата со постапката за повеќенаменското игралиште во с. Конопница и за актите за с. Крклја Добривој Николовски пренесено од претходен колегиум

Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:

Во текот на неделата да се спроведе постапката за издавање на простории. Јаготка Николовска пренесено од претходен колегиум.

Известување дека од страна на Комисијата за попис во Општина Крива Паланка е извршен попис на предмети и инвентар кои остануваат во канцеларииите. Јаготка Николовска и комисија.15.12.2014

Да се закаже седница на Советот на Општина Крива Паланка на 29.12.2014 година, Координација за 22.12.2014 година Јаготка Николовска и Биљана Тасевска 15.12.2014

Одделение за инспекциски надзор

Да се забрза постапката за изготвување на елаборат и да се побара дозвола за речното корито. Бранко Велиновски и Оливер Стојановски 15.12.2014

Одделение за финансиски прашања

До градоначалникот да се достави предлог за организација на продажбата на градежното земјиште, споредбена пракса со други општини Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум.

Да се определи почетна цена за закуп на просториите од страна на општинските проценители и да се предвиди поставување посебни струјни броила за просториите. Пренесено од претходниот колегиум.

Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

Да се организира уште еден инфо – ден за искористување на ИПАРД ФОНДОВИТЕ.
Душко Арсовски 15.12.2014

Да се привршуваат активностите за стратешкиот план. Сите раководители.

ЈП КОМУНАЛЕЦ

Во координација со одделенијата од Општината да се се разгледа и да се нарача проект за покривање на зелениот пазар со проект за паркинг, дуќани и затворен пазар. Да се разгледа најдобриот начин за негово спроведување . Раководители и Томе Тодоровски 24.11.2014

Во просториите на објектот кај фудбалското игралиште да се преземат мерки за нивно средување. Томе Тодоровски пренесено од претходниот колегиум

Да се разгледа барањето во врска со водоводот во с. Конопница. Јаготка Николовска и Томе Тодоровски 15.12.2014

ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА

Ценовник за ЛУ Градски Музај да се предвиди како точка на дневен ред за седницата на Советот на Општината. Драган Величковски 15.12.2014

Известување за активности за археолошки истражувања во с. Градец . Драган Величковски 15.12.2014

Изготвил И. Додевски
Крива Паланка 15.12.2014 година

Душко Арсовски	_____	Јаготка Николовска	_____
Татјана Ѓоргиевска	_____	Никола Граматиков	_____
Добривој Николовски	_____	Томе Тодоровски	_____
Бранко Велиновски	_____	Александар Ангелов	_____
Драган Величковски	_____		